АРХ

Државен инспекторат за животна средина
ул. „Павел Шатев“ бр. 2 -Палата „Емануел Чучков“ Скопје
http://www.sei.gov.mk/

Решение бр. ИП1-08-41
Датум 07.02.2023година

Државниот инспекторат за животна средина преку Главен водостопански инспектор Лидија Зафировска, со службена легитимација број рег.бр.06-0021 од 19.02.2020год, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор ЈПК „Комуналец“ Неготино со седиште ул. „Маршал Тито“ бр.49 Неготино застапувано од в.д.директор Гордана Лазарова и со Записник број ИП1-08-41 од 07.02.2023година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 230 став 1став 2 став 3, член 28, 98,100,213,214, од Закон за води („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016 и 151/2021 ); според член 6 и член 13 од Закон за утврдување на цени на водните услуги објавен во Службен весник број: 7/2016) го донесе следното:

РЕШЕНИЕ

1) Се задолжува ЈПК „Комуналец“ Неготино да постапи по следните задолженија:

-да се плати заостанат долг кон трезорска сметка за наплатениот надоместок согласно член 213 и 214 од Закон за води според доставена сметководствена картица должи надомест за водоснабдување во висина од 4217130.39ден а за испуштање должи249557.69ден. По извршено плаќање на заостанат долг да се продолжи со плаќање на надоместокот на месечно ниво согласно закон.
- да постапи по сите услови во дозвола бр.11-УП1бр.16 од 30.06.2014година и достави барање за продолжување за истата во законски определен рок.
- да припреми документација за селски водоводи во надлежност на субјектот на надзор и побара водно право за истите од надлежно министерство согласно Закон за води. Воедно оваа активност да ја стави во бизнис планот согласно Закон за утврдување на цени на водните услуги.
- да пристапи кон склучување на договор со носителот на дозвола ЈП „Комуналец“ Кавадарци со арх бр. УП1-11/5-473/2022 од 09.06.2022год.
- да изврши катодна заштита на цевкововодот за водоснабдување да се заштити од кородирање воедно патната делница врз самиот цевковод да се асфалтира и уреди од ерозија, Постапката да се спроведе со надлежните општини каде поминува цевководот.
- да се склучи анекс договор на договор со АД Водостопанство подружница Тиквеш бр. 03-382/1 од 19.08.2021 год за да се стави член во кој ќе се дефинираат правата и обврските за користење на водата од акумулација Тиквеш дозволата бр. УП 1-11/5-1802/2021 од 11.08.2022год.

2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение, изнесува 90(деведесет) дена од приемот на решението.

3) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

4) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување согласно член 240 став 6 од Закон за води. При поднесување на жалба потребно е да се достават во прилог на жалбата целокупната приложена документација во копија верна на оргинал наведена во образложение од ова решение.

## Образложение

Државниот инспекторат за животна средина врз основа на член 230 став 1 став 2 став 3 член член 230 став 1став 2 став 3, член 28, 98,100,213,214, од Закон за води („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016 и 151/2021 ); според член 6 и член 13 од Закон за утврдување на цени на водните услуги објавен во Службен весник број: 7/2016). преку Главен водостопански инспектор Лидија Зафировска, со службена легитимација рег.бр.06-0021 од 19.02.2020год, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор ЈПК „Комуналец" Неготино со седиште ул. „Маршал Тито" бр.49 Неготино застапувано од в.д.директор Гордана Лазарова и со Записник број ИП1-08-41 од 07.02.2023година, во кој е констатирано:

Во инспекцискиот надзор на ден 07.02.2023 се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба: Правното лице поседува дозвола бр.11-УП1бр.16 од 30.06.2014година за користење на вода за водоснабдување на град Неготино и околни населени места од бунар лоциран во Пепелиште, при што нема постапено по добиената дозвола нема одлука за заштитни зони, нема платени надоместоци, нема извршено мерење на квалитетот на сирова вода во последните шест месеци од годината ниту пак има поставено мерач на бунарот за да се мери зафатената вода и воедно да се води евиденција, нема поставено пиезометри. Во фактурите кон физички и правни лица го наплаќа надоместокот но не го исплаќа кон трезорска сметка согласно Закон за води .

Правното лице со одлука на Општина Неготино ги има превземено селските водоводи за селата Пепелиште, Црвени брегови, Тремник, и Криволак и за овие водоводи потребно е да достави барање согласно член 28 од Закон за води до надлежното министерство за зафаќање на вода за водоснабдување.

Правното лице според дозволата бр.11-3060/2 од 10.05.2012година за зафаќање на вода за водоснабдување со место на зафаќање од извориштата во Лукар која е обновена и е со арх бр. УП1-11/5-473/2022 од 09.06.2022год. потребно е веднаш да пристапи кон склучување на договор со носителот на оваа дозвола ЈП „Комуналец" Кавадарци. Од зафатот во Лукар согласно дозволата се зафаќа 25% од зафатената вода и се дистрибуира во водоснабдителниот систем на ЈПК „Комуналец" Неготино, при што потребно е во договорот да се вклучат правата и обврските на двете правни лица согласно дозволата УП1-11/5-473/2022 од 09.06.2022год Договорот кој се приложи 03-288/1 од 03.07.2018год. не содржи член со права и обврски согласно издадена дозвола УП1-11/5-473/2022 од 09.06.2022год која субјектот на надзор треба да ја има како јавно достапен документ и да го побара од надлежно министерство.

Во делот на одржување на цевководот кој носи вода од разделна шахта во Кавадарци се до градот Неготино освен што е на делница каде е изложена делница со ерозија цевководот нема катодна заштита па согласно закон потребно е да се одржува како хидротехнички објект во согласност со надлежностите на јавното претпријатие во соработка со општините Кавадарци и Неготино.

За снабдување на вода за технолошки потреби има договор со АД Водостопанство подружница Тиквеш бр. 03-382/1 од 19.08.2021 год но исто така во овој договор не е вметната дозволата бр. УП 1-11/5-1802/2021 од 11.08.2022год. која е дадена на подружницата во која се дадени правата и обврските за користење на водата од акумулација Тиквеш, оваа дозвола исто така треба да се побара од надлежно министерство.

Во делот на ненаплатени надоместоци кон трезорска сметка според член 213 и 214 од Закон за води субјектот на надзор , наплатува надоместок во сметките кон физички и правни лица а долг кон трезорска сметка заклучно со 31.12.2022год има за надомест за технолошка вода 9647.00ден. Надомест за водоснабдување 4217130.39ден.надомест за канализација

249557.69ден. Овие ненаплатени надоместоци се фактуриран износ нема според процент на наплата затоа што не се води евиденција колку е наплатено.
-Правното лице поседува Решение бр. УП1 бр. 08-57/20 од 11.06.2020 година донесено од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП Комуналец Неготино за регулиран период 2021-2023 година, Решение бр. УП1 бр. 08-58/20 од 11.06.2020 година и за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП Комуналец Неготино за регулиран период 2021-2023 година Има одлука бр. 02-239/2 од 26.06.2020год. за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење и цена за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП Комуналец Неготино за регулиран период 2021-2023год. потпишано од претседател на управен одбор на правното лице и има решение потпишано од претседател на Совет на Општина Неготино бр.08-393/8 од 30.07.2020год. Доколку се менува цената во сметките кон корисниците потребно е да се извести Регулаторна комисија за енергетика.
За долгот кон трезорска сметка за кој одговорното лице на субјект на надзор се изјасни дека не може да се исплати во рок од 90(деведесет дена) па поради неисполнети обврски согласно закон се започна постапка за спогодување според член 248 за прекршок член 245 став 1 точка 09,17,49 од Закон за води.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивотна ова решение.

ПРАВНА ПОУКА

Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување согласно член 240 став 6 од Закон за води. При поднесување на жалба потребно е да се достават во прилог на жалбата целокупната приложена документација во копија верна на оргинал наведена во образложение од ова решение.

Против ова решение според член 230 од делокруг на водостопанскиот инспектор и постапување според членот 234 од Закон за води незадоволната странка може да изјави жалба против решението според член 240 од Закон за води.

Жалба против ова решение може да се изјави во рок од 15(петнаесет) дена од приемот на решението доставена до Државната Комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка на следната адреса: Кеј „Димитар Влахов„ бр. 4 Скопје. Според член 37 од Закон за административните такси, според тарифа на административните такси за списите и дејствата кај органите на управата во РСМ за жалба против решение за тарифен број 2 се уплатува 250 ден на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.

Решено во Државен инспекторат за животна средина со решение под број ИП1-08-41 од 07.02.2023година.

Лидија Зафировска

-------------------------------------------

м.п. Главен водостопански инспектор

Бр.на легитимација Рег.бр.06-0021 од 19.02.2020год